Архивски број: 08-201/3
09-06-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-201/1 од 02.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), на 08.06.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–201/1 од 02.03.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 02.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] и од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скопје, заведена под архивски број 08-201.

Со оглед дека за Комисијата нејасни беа наводите изнесени во претставката, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителката достави Барање за доуредување на истата заведено под број 08-201/2 од 19.04.2023 година. Доуредувањето беше побарано со цел подносителката на јасен и прецизен начин да наведе, односно опише конкретен настан врз основа на кој смета дека била ставена во дискриминирана положба, како и да наведе јасно против кои органи, односно институции ја поднесува претставката за заштита од дискриминација.

Земено предвид дека подносителката во законски предвидениот рок од 8 (осум) дена од приемот на Барањето, не достави потребно доуредување на претставката за заштита од дискриминација, со јасно наведување на елементите неопходни за постапување по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
08.06.2023година

Заменик Претседател на Комисија
за спречување и заштита од
дискриминација

Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива